Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 516 www.mchamber.mk 03.02.2023

# ДВА МИЛИОНИ И СЕДУМСТОТИНИ И ТРИЕСЕТ ИЛЈАДИ ЕВРА ОД ГЕРМАНСКАТА ВЛАДА ЗА ПОДДРШКА НА ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА ОБРАЗОВАНИЕ




стр. 6



## Азески на седница на УО на Коморскиот инвестициски форум на земјите од Западен Балкан (КИФ)

стр. 8

ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ, EVN, vitaminka, T, GRANIT, IGM trade, MERMEREN Kombinat, МЕПСО, ECM, Gulf, ПЕКАБЕСКО, euro Nickel industries, nextsense, VERO сè на едно место, КОЖУВЧАНКА

СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES, HALKBANK, OKTA, ZAN MITREV CLINIC, SPARKASSE, Duna, seavus, cargo-partner, scalefocus

СИЛВЕР Покровители

SOCOTAB, AllianceOne, Swisslion




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia



# МЕЃУНАРОДНИОТ ПАЗАР НА ТУРИЗМОТ ПОЛЕКА НО СИГУРНО СЕ ОБНОВУВА




Здружението за угостителство и туризам при Стопанската комора активно придонесува за развој на модерна, конкурентна туристичка индустрија на професионална основа. Само во последните три години во услови на се`уште актуелната мулти криза во која угостителско туристичкиот сектор во првите две години (2020 и 2021) беше сериозно погоден (доживеа шок од досега невидени размери и целосно блокирање на секторот што резултираше со целосно рушење на сите конститутивни елементи на пазарот на туризмот), на адреса на владините институции испрати над 65 предлози (иницијативи, мерки, решенија, насоки), базирани на серија истражувања и анализи и изработени две студии за негативните ефекти на Ковид-19 кризата врз секторот.

Со релаксирање на претходно строгите мерки за заштита од пандемијата отпочна процесот на обнова на туристичкиот пазар. Иако сеуште слаб и со бројни предизвици туристичкиот сектор постепено се рехабилитира од шокот кој беше предизвикан од здравствената пандемија. Сепак, остварениот туристички промет на странски туристи во Република Северна Македонија во 11 те месец 2022 година во однос на истиот период 2019-та година е помал за 30%.  Според достапните

податоци од Светската туристичка организација европските држави просечно оствариле 20% помал туристички промет во однос на наведениот период за 2019 та година, беше кажано на Седницата на Здружението на угостителството и туризмот при Комората, која се одржа во хибридна форма со физичко и он лине присуство.

Овој тренд на обновување на секторот ги поттикна државите со прогресивни политики во туризмот да ја искористат шансата за брзо обновување на сопствената економија токму преку туризмот истовремено  надоместувајќи за загубите предизвикани од пандемијата, а со зголемување на извозот токму преку најефикасниот механизам во состав на управувачкиот систем кој со силна поддршка и промоција на дестинацијата веќе генерираат многу повисок девизен прилив во споредба со 2019-та година односно пред пандемијата, што е случај и со земјите од регионот како директна конкуренција на нашата држава како туристичка дестинација.

Кај нас останува впечатокот дека секторот не е препознаен како економски систем во Република Северна Македонија. Оттаму произлегува потребата повторно да се испорачаат опипливи политики на поддршка и промоција на дестинацијата како не би се нашле во целосно подредена положба во однос на основните конкуренти.

Факт е дека и покрај сите предизвици со кои се соочува секторот, меѓународниот пазар на туризмот полека но сигурно се обновува, сепак сето ова е недоволно за да говориме за успеси. Како резултат на непредвидливото континуирано зголемување на производните трошоци, најголем дел од компаниите во секторот се`уште не успеваат да ја надминат преломната точка на изедначување на приходите и расходите, односно се`уште не го надминале прагот на рентабилноста во својата дејност откако е започната кризата.  За ова секако придонесува драстичното зголемување на цената на енергенсите, трудот, услугите, прехранбените продукти, а сето тоа во услови кога бележиме за 30% понизок туристички промет како дестинација во однос на 2019-та година односно пред пандемијата. Нарушувањето на меѓународната безбедност настаната од воениот конфликт во Украина дополнително создава потешкотии при натамошното планирање особено што производните трошоци тешко можат да се предвидат. Следствено додека меѓународната безбедност е нарушена за очекување е и стабилноста на туристичкиот пазар да биде нарушена.



Зголемената побарувачка при процесот на обнова на секторот беше проследена со потребата од кадар кој за жал е среирозно дефицитарен и во пресрет на новата летна туристичка сеозна се очекува масовен одлив на работници од овој сектор кон светски туристички дестинации пред се Хрватска, Црна Гора итн.

Имајќи го предвид фактот дека, туризмот е единствен сектор кој поседува потенцијал да ги надомести економските загуби предизвикани од здравствената пандемија во краток рок, притоа без поголеми инвестиции туку низ креирање можности и поволни услови за инвестиции во туризмот, од исклучително значење е да се обезбедат поволни можности за инвестирање, што ќе ги мултиплицира приходите од туризам во националната економија во краток рок.

На седницата се разговараше и за повеќе системски прашања кои се отворени и кои за компаниите имаат исклучително важно значење во креирање на деловниот амбиент и правење анализи и проекции за водењето бизнис за периодот што следува.

# ДВА МИЛИОНИ И СЕДУМСТОТИНИ И ТРИЕСЕТ ИЛЈАДИ ЕВРА ОД ГЕРМАНСКАТА ВЛАДА ЗА ПОДДРШКА НА ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА ОБРАЗОВАНИЕ




Обезбедувањето стручен кадар за бизнисот е прашање број еден за Стопанската комора на Северна Македонија, затоа што без кадар нема бизнис, без бизнис нема нова вредност, а без нова вредност нема извозна дејност и развој на економијата во државата.

Поради ова продолжуваат напорите и заложбата што ги прави Стопанската комора на Северна Македонија за поддршка на дуалниот модел на образование заради подготовка на соодветен стручен кадар според потребите на реалниот сектор. Реализацијата на практичната обука на учениците и на студентите во компаниите е суштината на стручното образование и на тој процес не смее да се гледа како на индивидуална работа само на образованието, туку како сеопфатен процес во кој мора сите да се вклучат за да се постигне вистинската цел, а финансиската поддршка овозможува вклучување на поголем број компании во процесот.

Преку Коморскиот инвестициски форум, чиј копретседавач е претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, со обезбедениот втор грант од околу 2,73 милиони евра, 6 конзорциуми од нашата земја ги добија средствата за финансирање инвестиции во опрема и во инфраструктура, како поддршка на дуалното образование и на реализацијата на практичната обука, со цел поголема вработливост на младите и обезбедување обучен и квалификуван кадар подготвен за работните процеси.



Средствата за грантот се обезбедени од германското Федерално министерство за економска соработка и развој, а се реализираат преку Германската развојна банка (KfW) и преку Регионалниот фонд за предизвици, како уникатен инструмент за финансирање.

Фондот се спроведува преку Коморскиот инвестициски форум на шесте земји на Западен Балкан, кој претставува значајна институција за регионалната економска соработка, за унапредувањето на бизнис-климата во економиите на Западен Балкан, за создавањето заеднички пазар, за заедничкиот извоз и за унапредувањето на конкурентноста во регионот, а чија членка е и Стопанската комора на Северна Македонија.

На првиот повик во нашата земја грантот го добија 8 конзорциуми, и тоа 7 стручни училишта и 1 високообразовна институција со 29 компании, додека, пак, на вториот повик добитници на грантот се 2 училишта за стручно образование и обука, 2 мешани училишта (гимназиско и стручно образование ) и 2 високообразовни институции со 37 претпријатија.

Обезбедувањето на грантот за реализација на практичната обука е значаен сегмет за функционално стручно образование според потребите на компаниите и за зајакнување на јавно-приватното партнерство меѓу стручните училишта и компаниите, клучни приоритети на кои активно работи Комората. Образованието треба да биде вистинска комбинација на вештини, вклучувајќи и дигитални и трансверзални клучни компетенции потребни за работните процеси, и да им обезбеди на вработените соодветни професионални вештини, а тоа може да се постигне само со синергии и со партнерства меѓу јавниот и реалниот сектор. Само на ваков начин компаниите создаваат потенцијал за вработување квалификуван кадар, се осигуруваат дека младите луѓе и возрасните се здобиваат со потребните вештини за да бидат вработливи и се намалува јазот меѓу понудата и побарувачката на пазарот на трудот.



# Азески на седница на УО на Коморскиот инвестициски форум на земјите од Западен Балкан (КИФ)



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески денеска, преку конференциска врска, учествуваше на седницата на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум на земјите од Западен Балкан (КИФ), што се одржа во просториите на Стопанската комора на Црна Гора во Подгорица.

На седницата, претседателите на шесте стопански комори од регионот и членови на КИФ (Стопанската комора на Македонија, Унијата на стопански комори на Албанија, Комората за надворешна трговија на Босна и Херцеговина, Стопанската комора на Црна Гора, Стопанската комора на Србија и Стопанската комора на Косово) дискутираа за стратешките документи за работа на КИФ кои се поврзани со инвестициските политики во регионот на Западен Балкан, како и за потенцијалите за зголемување на атрактивноста на регионот како инвестициска дестинација.

Во таа насока, на седницата се расправаше за планираните активности кои оваа година ќе бидат насочени кон подобрување на конкурентноста на компаниите во регионот за водење на бизнис на единствениот пазар на ЕУ и на трети



пазари, полесен пристап до програмите и фондовите на ЕУ, подобрување на законската рамка за водење на бизниси, намалување на даночните и на неданочните обврски на компаниите, хармонизација на образовниот систем со реалните потреби на пазарот на труд, како и за дигиталната трансформација.

Коморскиот инвестициски форум, со седиште во Трст е институција основана во 2015 година во рамките на Берлинскиот процес иницириан од канцеларката Ангела Меркел, и претставува глас на приватниот сектор од регионот, застапувајќи 350.000 компании од подрачјето на Западен Балкан.



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Семинар 14.03.2023**

# Семинар на тема: ПОВРЕДА НА РАБОТА, ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА И НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ВО СЛУЧАЈ НА ПОВРЕДА НА РАБОТА

Формите за заштита на работникот на работното место се пропишани во Законот за безбедност и здрваје при работа. Од содржината на одредбите на овој закон може да се извлече заклучок дека на полето на заштитата на вработените, пропишани се современи правни решенија. Проблемот на заштита при работа е огромен, бидејќи несреќите на работа се многу чести, а некои од нив имаат и фатален исход, односно завршуваат со смртен исход.

Работодавачот е должен веднаш по приемот на работникот на работа да му ги осигура потребните услови за заштита на работата, а со кои се осигуруваат заштитатана животот и здравјето на работникот. Всушност треба да му овозможи запознавање со прописите од заштита при работа, а воедно е должен да го оспособи работникот за работа на начин кој што осигурува целосна заштита на неговото здравје, се со цел да се спречи несреќа на работа. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори. Всушност, тоа е обезбедување на активна улога на вработените и менаџерите во процесот на идентификување на проблемите и дизајнирање на решенија.

За таа цел Стопанска Комора на Северна Македонија во соработка со Македонско здружение за заштита при работа, на 14 март 2023 година организира еднодневен семинар на тема: ПОВРЕДА НА РАБОТА, ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА И НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ВО СЛУЧАЈ НА ПОВРЕДА НА РАБОТА.

Семинарот ќе опфати елементи на теорија, практичен дел и студија на случаи.

Од страна на стручно лице за безбедност при работа ќе се побара одговор на следните прашања:

- Дефиниција на повреди на работа и професионални болести според законската регулатива и постапка за пријавување на повредите и несреќите при работа, известување за несреќа и повреда при работа, упатство за пријавување на несреќа и обрасци за известување до Државен инспекторат за труд.
- Услови за враќање на работа после повреда при работа, боледувања, извештаи од комисии, мислења и сл.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 14.03.2023**

# ОПТИМИЗАЦИЈА НА ЦАРИНСКИТЕ ДАВАЧКИ – УПОТРЕБА НА ПОСЕБНИ РЕЖИМИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НЕПОТРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 14.03.2023 година, организира еднодневна онлајн-работилница на тема: „Оптимизација на царинските давачки – Употреба на посебни режими за намалување на непотребните трошоци (договори за слободна трговија, тарифни суспензии/квоти, увозен ДДВ, облагородување, извоз за облагородување, складирање, транзит, крајна употреба)".

Во текот на работилницата ќе биде објаснет начинот како економските оператори може да ги оптимизираат царинските давачки преку употреба на разни царински и надворешно-трговски инструменти, како што се договорите за слободна трговија, тарифни суспензии/квоти, увозен ДДВ, облагородување, извоз за облагородување, складирање, транзит, крајна употреба).

Учесниците ќе добијат практични совети во врска со употребата на онлајн алатки што се поврзани со начините за оптимизација на царинските давачки.

Предавач: д-р Златко Ветеровски, помошник директор Сектор за меѓународна соработка и европски интеграции во Царинската управа на Република Северна Македонија,

За сите учесници на семинарот ќе биде обезбедено:

- Напатствија за приклучување на онлајн работилницата;
- Работни материјали во електронска верзија;
- е-сертификат за присуство на оналјн работилницата.

Сите заинтересирани за учество на оваа онлајн работилница можат да се пријават најдоцна до 10.3.2023 година.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
15.03.2023

# ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА И СООДВЕТНИ ПРАВИЛНИЦИ ОД ОБЛАСТА НА ЛЕКОВИТЕ, ВАЖНОСТА НА ПОСТАПКАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ЛЕКОВИ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 15 март 2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Запознавање со законската регулатива и соодветни правилници од областа на лековите, важноста на постапката за регистрација на лекови и обезбедување на информации поврзани со лековите за примена во фармацевтската пракса, следење и пријавување на несакани реакции и превземање мерки за обезбедување на квалитетна и безбедна употреба на лекови “.

Запознавањето со законската регулатива и соодветните правилници како неопходен сегмент во работењето на здравствените работници е од особена важност за квалитетно и ефективно спроведување на сите постапки поврзани со лековите. Спроведувањето на регулативата при сите процеси на одобрување на лековите од нивната регистрација па се до употребата од крајниот корисник е од клучно значење за заштита на јавното здравје, како и потврдувањето на безбедноста и ефикасноста на лековите, во која здравствените работници и корисниците на лековите ( пациентите) ќе се чувствуваат сигурни за начинот, времетраењето, условите и ефикасноста при користењето на лековите, со што здравствените работници ќе можат максимално да се фокусираат на извршување на своите работни задачи и подобрување на целокупниот здравствен процес. Од таа причина, сосема оправдано, работодавачите треба да посветат посебно внимание на добро разбирање на нивните обврски во поглед на обезбедување на квалитетен кадар со соодветно познавање на регулативата, не само за да постигнат усогласеност со законот, туку многу поважно, за да осигураат дека преземени се сите чекори за обезбедување на квалитена, навремена и соодветна информавција за лековите во промет.

Токму во таа насока, цел на оваа работилница е да ги информира работодавачите и здравствените работници за нивните обврски во поглед на обезбедување на соодветна едукација за запознавање со регулативата од областа на лековите, следење и пријавување на несекани реакции, и превземање мерки за обезбедување на квалитетна и безбедна употреба на лекови, при што, ќе се разгледаат најчестите и најважните активности кои тие треба да ги преземат.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Форум
16.03.2023 - 17.03.2023

# МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ ЗА „ГРАДЕЖНИШТВО, ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И ОДРЖЛИВОСТ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО И ДИЗАЈНОТ“ - 16-17.3.2023 во Шчечин, Полска

Со цел размена на знаење и искуства за најновите трендови во градежништвото и градежните материјали, соработка со странски партнери и проширување на нови пазари, Стопанската комора на РС Македонија, во соработка со Асоцијацијата за економски развој на Западна Померанија од Полска, во рамки на проектот Enterprise Europe Network, Ве поканувaат да учествувате на Меѓународниот форумшто ќе се одржи на 16-17.3.2023 година, во Шчечин, Полска.

На деловните средби, на коишто ќе присуствуваат компании од целиот свет, учесниците ќе имаат можност да остварат директни деловни контакти со потенцијални партнери, добавувачи, подизведувачи и клиенти на четири главни теми, во делот на:

ГРАДЕЖНИШТВО - материјали, алати, машини, дизајн и услуги.
ЕНЕРГИЈА - конвенционална, зелена.
ДОМ - завршни материјали, внатрешна декорација вклучувајќи еколошки производ.
ОДРЖЛИВОСТ во градежништвото и дизајнот.

Поради својот хибриден формат, овој настан за вмрежување ќе биде насочен кон широк спектар на компании од Европа и пошироко, и доколку сакате да ја претставите вашата понуда, да пронајдете соодветен деловен партнер и како резултат на тоа да направите бизнис, бидете подготвени за голем број однапред договорени видео повици и состаноци со претприемачи. Рокот за онлајн пријавување и регистрација е до 13.3.2023 година, каде задолжително треба да се регистрирате на следниот линк: https://budgryf2023.b2match.io/signup со што ќе можете да ги погледнете сите компании коишто се пријавени, програмата и сите останати релевантни информации во врска со настанот.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот**

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
години



Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088